**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**Бр. 0803 – 131/5**
**Скопје, 02 – 07 - 2009 година**

**ДО**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Собрание на Република Македонија за 2008 година на сметката за редовно работење, кои се прикажани од страните 6 до 8.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија.

3. Не е вршена ревизија и не е издаден извештај за финансиските извештаи на Собранието на Република Македонија за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Трајко Вељаноски - Претседател на Собранието од 21.06.2008 година;
   - Љубиша Георгиевски - Претседател на Собранието до 21.06.2008 година
   - Жарко Денковски- Генерален секретар.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните од 1 до 5 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 16.04 до 20.05.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои преставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој Извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со писмо број 05-2842/2 од 25/06/2009 година од страна на Собранието на Република Македонија добиена е забелешка на точката 10.1.1. и истата не е прифатена од страна на ревизијата.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### 11.1. Систем на интерни контроли

11.1.1. При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на евиденција на присуство на пратениците на седници и работни тела, ревизијата констатира дека истиот не гарантира дека исплатените плати на пратениците се однесуваат за вистински извршената работа (присуство на седници). Имено, иако пред почетокот на секоја седница пратениците се потпишуваат во евидентен лист за присуство, не постои соодветна евиденција и контрола на присуството на пратениците на Собраниските седници.
При исплатата на платата на пратениците земени се предвид само неоправданите отсуства (три пати едноподруго неприсуствување на седница) за кои согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија соодветно се намалува платата. Во 2008 година по овој основ извршено е намалување на платата само на двајца пратеници, а од Прегледот на присуство на пратениците на седниците може да се види реалното присуство на пратениците, односно дека постојат пратеници кои присуствувале само на неколку од одржаните 68 седници во текот на 125 дена во 2008 година. За оправданите отсуства, кои се пријавуваат на Претседателот на Собранието пред почетокот на секоја седница не постои ограничување во однос на бројот и причината за истите. Во Деловникот на Собранието не се наведени причините за оправданото отсуство на пратеникот (критериуми) според кои се оценува оправданоста на отсуството на пратениците спротивно на Законот за пратеници, каде истото е предвидено.

**Препорака:**

Во Деловникот да се утврдат критериуми за оценување на оправданоста на отсуството на пратениците согласно Законот за пратеници.



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

11.1.2. При оценка на системот на интерни контроли во процесот на приемот и дистрибуција на потрошните материјали, констатирано е следното:
- не постои разграничување на должностите во овој процес, односно едно лице (магационерот) ги спроведува нарачката, приемот, како и материјалната и финансиска евиденција. Со актот за систематизација и организација предвидена е позицијата книговодител на потрошен материјал, но истата не е пополнета;
-издавањето на материјали од магацинот се врши врз основа на требовање потпишано од страна на лицето кое го подига материјалот и магационерот, без одобрение на раководителот на соодветниот сектор.
Поради ова, ревизијата констатира дека воспоставените интерни контроли во процесот на прием и дистрибуција на материјалите не функционираат на начин со кој ќе биде покриен ризикот од злоупотреба на залихата на потрошниот материјал.

**Препорака:**

- ✓ Генералниот секретар да донесе интерен акт со кој ќе се утврди начинот на приемот и дистрибуција на потрошните материјали.

- ✓ Да се преземат потребните активности за пополнување на работното место книговодител на потрошен материјал предвидено со Актот за систематизација и организација.

11.1.3. При оценка на системот на интерни контроли во процесот на плати и надоместоци, ревизијата констатира дека не постои разграничување на должностите при евидентирање на надоместоците за прекувремена работа. Имено, спротивно на одредбите на Законот за работни односи и Законот за државни службеници ангажираното лице за прекувремената работа го потпишува и налогот за работа. Поради тоа ревизијата констатира дека не се воспоставени интерни контроли кои би гарантирале дека исплатените надоместоци за прекувремена работа се однесуваат за вистински извршената работа.

**Препорака:**

При исплатата на овој вид надоместок да се воспостави контролна постапка со која ќе се изврши разграничување на должностите при евидентирање и исплата на надоместоците за прекувремена работа.

## 11.2. Спроведување на законски прописи

11.2.1. Со увид во Извештајот на Централната комисија за попис од извршениот попис на средства и нивните извори во Собранието на Република Македонија, ревизијата констатира дека спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници не е донесена Одлука за резултатите од пописот и усвојување на Извештајот од извршениот попис со која би се предложиле мерки за утврдените кусоци и вишоци како и отпис на застарени побарувања и обврски. Отсуството на Одлука за усвојување на извештајот од пописот придонесува за неизвршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба кое има влијание на реално и објективно искажување на билансните состојби.


*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311
*Овластен Државен ревизор*
----------------------------

**Препорака**

Пописот на средствата и нивните извори да се изврши согласно Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, опфаќајќи ги сите фази од физичкиот попис до изготвување Одлуки за усвојување на извештајот од пописот.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 11.2. финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Собранието на Република Македонија на ден 31 Декември 2008 година и резултатот на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, кај Собранието на Република Македонија остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2008 година.

**14. Ревизијата е на мислење дека е потребно да се обелодени следното:**

И покрај тоа што во изминатите години, ревизијата укажува на висината на расходите по основ на надоместок за користење на автомобили во лична сопственост за службени цели, во висина од 30% од продажната цена на еден литар гориво според изминат километар за возилото кое се користи, кои во 2008 година изнесуваат 46,354 илјади денари, Собранието нема преземено активности во правец на нивно намалување.

Констатациите на ревизијата се однесуваа од една страна на законскиот основ за носење на Одлуката за овој надомест поради следното:

- согласно Законот на пратениците и Деловникот на Собранието на Република Македонија присуството на седници и работни тела на Собранието е редовна работа на пратениците;
- согласно Законот за извршување на Буџет на Република Македонија, надоместок за превоз до и од работното место, се исплатува на вработените и избраните и именувани функционери, каде спаѓаат и пратениците, чие место на живеење е оддалечено над 2,5 км од работното место, но не повеќе од 900 денари месечно.

Од друга страна, ревизијата смета за неопходно да истакне дека за пратеник кој доаѓа од Струмица, Делчево или од Струга (како најодалечени дестинации од Скопје) за секоја седница или учество во работно тело во зависност од цената на литар гориво дневниот надомест достигнува и до бруто износ од 7 илјади денари што на годишно ниво достигнува износ и до 1,100 илјади денари по пратеник.

Со оглед на тоа дека овие расходи заземаат значајно учество во вкупните расходи на Собранието (11% од тековните расходи -Графикон 1) ревизијата препорачува, Комисијата за прашања на избори и именувањата на Собранието на РМ, која ја носи одлуката за овој надомест да ја преиспита висината на истиот во правец на негово намалување. Имено, овој процент е утврден во период кога цената на горивото била значително помала и овој надомест бил во висина на реалните трошоци (гориво и амортизација на возилото), со пораст на цената на горивото



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

височината на овој надомест значително го надминува реалниот трошок за користење на автомобил во лична сопственост за службени цели.




Скопје, 01/07/2009 година


*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

***Овластен Државен ревизор***

----------------------------

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 467,324 | 431,567 |
| **Вкупно приходи** | **467,324** | **431,567** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 214,078 | 221,796 |
| Резерви и недефинирани расходи | 177 | 90 |
| Стоки и услуги | 170,397 | 175,926 |
| Субвенции и трансфери | 28,165 | 225 |
| **Вкупно тековни расходи** | **412,817** | **398,037** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 54,507 | 33,530 |
| **Вкупно капитални расходи** | **54,507** | **33,530** |
| **Вкупно расходи** | **467,324** | **431,567** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

*Овластен Државен ревизор*

----------------------------

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31. ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 671 | 614 |
| Побарувања од вработените | 3,687 | 604 |
| Активни временски разграничувања | 30,409 | 43,331 |
| Залихи | 956 | 1,004 |
| Аванси за капитални средства | 7,630 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | **43,353** | **45,553** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 7,896 | 524 |
| Материјални средства | 452,601 | 395,309 |
| Материјални средства во подготовка | 0 | 30,420 |
| **Вкупно постојани средства** | **460,497** | **426,253** |
| **Вкупна актива** | **503,850** | **471,806** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 7,638 | 22,468 |
| Краткорочни финансиски обврски | 2,140 | 3,620 |
| Обврски спрема државата и други институции | 235 | 393 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 20,396 | 16,849 |
| Пасивни временски разграничувања | 11,988 | 1,219 |
| **Вкупно тековни обврски** | **42,397** | **44,549** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 461,453 | 427,257 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **461,453** | **427,257** |
| **Вкупна пасива** | **503,850** | **471,806** |



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

*Овластен Државен ревизор*
----------------------------

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2008 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали ) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2008 година** | **426,253** | **1,004** | **427,257** |
| **Зголемување по основ на:** | **49,619** | **6,861** | **56,480** |
| Набавки | 49,619 | 6,861 | **56,480** |
| Инвестиции во тек- градежни објекти опрема и др. | | | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **15,375** | **6,909** | **22,284** |
| Отпис на капитални средства | | | **-** |
| Потрошок на залиха на материјали | | 6,909 | **6,909** |
| Амортизација | 15,375 | | **15,375** |
| **Состојба 31.12.2008 година** | **460,497** | **956** | **461,453** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

***Овластен Државен ревизор***

----------------------------